# ЗАПИСНИК

од 19-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Крива Паланка, 15 ноември, 2023 г.

**Присутни**: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Фарук Невзади (Секретар на Општина Чаир со овластување од Висар Ганиу, градоначалник на Општина Чаир), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Ниметула Демири, (со овластување од Азем Садики, градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дејан Врангалоски, (со овластување од Дарко Костовски, градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Трајко Славески (Претседател на совет на Град Скопје), Изабела Павловска (Претседател на совет на Општина Крива Паланка).

**Дискусија**:

Управниот одбор го усвои и расправаше по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за свикување на петтата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Разгледување на текстот на предлог документот Систематизирани ставови на ЗЕЛС;
3. Информација за забелешките од општините во врска со Предлог законот за административни службеници;
4. Разгледување на текстот на предлог Законот за комунална полиција:
5. Изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2023 година;
6. Мислење по предлог Акциски план на ЗЕЛС за 2024 година и Предлог буџет за 2024 година;
7. Одлука за усвојување на Предлог план за јавни набавки за 2024 година;
8. Дискусија со претставници од струковите синдикати за предизвиците во делокруг на двете страни;
9. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за свикување на петтата седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;

Управниот одбор ја потврди потребата од свикување на 5-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС кое ќе се одржи на 4 декември во Скопје со почеток во 12 ч.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за свикување на 5-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС која ќе се одржи на ден 4 декември, 2023 г. во Скопје со почеток во 12 ч. Управниот одбор на Генералното Собрание на ЗЕЛС му предлага на оваа седница да расправа по следниот предлог:

ДНЕВЕН РЕД

1. **Усвојување на записникот од четвртата седница на Генералното собрание;**
2. **Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски;**

3. **Усвојување на предлог Буџетот на ЗЕЛС за 2024 и  предлог Акцискиот план на ЗЕЛС за 2024 г.;**
4. **Разно - Дискусија;**

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на текстот на предлог документот Систематизирани ставови на ЗЕЛС;

Управниот одбор го разгледа документот СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ НА ЗЕЛС за периодот 2023 – 2024 година. Присутните беа информирани дека процесот на утврдување на содржината на овој документ е усогласена со сите општини со оглед дека предлог – текстот на истиот беше доставен на нивно разгледување со барање за нивни предлози за дополнување или изменување. И покрај доволно долгиот период кој им беше оставен на општините да се произнесат по истиот, до ЗЕЛС своја забелешка достави само Општина Богданци која побара зголемување на утврдената висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште за поставување на фото-напонски централи и ветерници.

Останатите присутни го потврдија значењето на овој документ кој претставува основа и утврдени политики кои ЗЕЛС ги презентира пред Владата и ресорните министерства заради решавање на утврдените отворени прашања.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја усвојува содржината на документот СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС за приодот 2023 – 2024 г.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Информација за забелешките од општините во врска со Предлог - Законот за административни службеници;

Текстот на Предлог – Законот за административни службеници беше доставен до сите општини, по што до ЗЕЛС беше упатена остра реакција во однос на содржината на истиот, а заради што непосредно пред седницата на Управниот одбор во ЗЕЛС беше одржан работен состанок со претставници од општинската администрација (беа поканети сите општини) од каде произлезе документ со усогласени забелешки кој е доставен на разгледување и усвојување од страна на Управниот одбор. Најголемиот проблем, како што беше истакнато, претставува нееднаквиот третман на државни и локалните службеници во однос на висината на платите кои со Законот се разликуваат и до 30% на штета на локалните административни службеници. Ваквото решение би можело да доведе до демотивација на администрацијата во општините, а дел од квалитетниот кадар би можел да се вработи и во државните органи заради повисока плата. Утврдениот текст со забелешките е обемен (документ од 15 страни) во кој се опфатени многу аспекти и одредби од Предлог – Законот.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја усвојува содржината на документот со забелешки по Предлог – Законот за административни службеници и ја задолжи стручната служба истите да ги достави до надлежното Министерство за информатичко општество и администрација.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Разгледување на текстот на иницијативата со Предлог - Закон за комунална полиција:

Текстот на иницијативата со Предлог – Закон за комунална полиција е изработен од Град Скопје и доставен до ЗЕЛС кој понатаму е доставен до сите општини во Републиката. До моментот на одржување на седницата на Управниот одбор до ЗЕЛС не е доставена забелешка по текстот нити предлог за негово дополнување.

Присутните беа информирани дека станува збор за комплексна материја која уредува надлежност која ќе предизвика измени и во други прописи со кои се уредува надлежноста на локалната самоуправа и надлежноста на државните органи на управата, пред сè Министерството за внатрешни работи. Претседателот на ЗЕЛС ги информираше членовите на Управниот одбор дека е извршена прелиминарна консултација со Министерот за внатрешни работи г. Оливер Спасовски, од кого е добиена поддршка за донесување на ваков Закон, а изразена и подготвеност стручни лица од министерството да се вклучат во работата на изготвување на конечната верзија на предлогот.

Оттука, Управниот одбор смета дека е потребно формирање на работна група која ќе биде со поширок опфат на институции кои преку свои претставници ќе се вклучат во разработка на одредбите на предлогот, а ќе се разгледаат и искуствата од други земји каде овој систем веќе повеќе децении функционира во пракса.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор го истакнува значењето од донесување на Закон за комунална полиција, со оглед дека локалната самоуправа мора да има надлежности во одржувањето на редот и почитувањето на прописите со кои се воспоставува пред сè комуналниот ред. За оваа цел, заради утврдување на конечна верзија на текста на Предлог- Закон за комунална полиција кој потоа би бил доставен до овластен предлагач, се формира работна група во чиј состав ќе бидат вклучени претставници од сите државни надлежни органи, а од редот на единиците на локалната самоуправа за членови во истата се назначуваат градоначалниците и претставници на општинската администрација од општините: Крива Паланка, Ѓорче Петров, Куманово, Центар, Студеничани, Охрид, Бутел, Чаир, како и претставник од Комитетот на Совети на ЗЕЛС, претседателот на Совет на Град Скопје, г. Трајко Славески.

.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2023 година.

Управниот одбор го разгледа предлогот за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2023 г. со образложение дека ЗЕЛС веќе една декада ги одржува информациските системи е-градежно земјиште, е – одобрение за градење и системот е-ствари, чиј обем на податоци станува енормно голем, а станува збор за податоци од трајна вредност. Оттука е потребно да се изврши и осовремени технологијата на која се складираат податоци, заради што со измените и дополнувањата на планот за јавни набавки се предвидува зголемување на ставката за набавка на услуга за одржување на инфраструктура на сервисите на ЗЕЛС на клауд систем. Оваа измена се предвидува заради оптимизација и обезбедување на две локации на складирање на сервисите и податоците на инфраструктурата на ЗЕЛС на клауд систем.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2023 г. согласно предложената измена.

**ШЕСТА ТОЧКА**: Одлука за утврдување на содржината на Предлог - Акциски план на ЗЕЛС за 2024 година и Предлог – финансиски план на ЗЕЛС (буџет ма ЗЕЛС за 2024 година);

Управниот одбор ги разгледа Предлог – Акцискиот план за работа на ЗЕЛС за 2024 г. и Предлог – финансискиот план (буџет на ЗЕЛС за 2024 г.) и по истите не истакна забелешки.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за усвојување на Предлог – Акцискиот план за работа на ЗЕЛС за 2024 г. и му предлага на Генералното Собрание на ЗЕЛС истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за усвојување на Предлог – финансискиот план (буџет на ЗЕЛС за 2024 г.) и му предлага на Генералното Собрание на ЗЕЛС истиот да го усвои на својата прва наредна седница.

**СЕДМА ТОЧКА**: Одлука за усвојување на План за јавни набавки за 2024 година;

Управниот одбор го разгледа Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2024 г. и по истиот немаше забелешки.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС донесе Одлука за усвојување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2024 г.

**ОСМА ТОЧКА**: Дискусија со претставници од струковите синдикати за предизвиците во делокруг на двете страни;

Присутните беа известени дека и покрај најавата за присуство на претставниците на струковите синдикати на чија иницијатива и беше утврдена оваа точка на дневниот ред и по истата се отвори расправа, сепак истите не пристигнаа на седницата на Управниот одбор. Беше истакнато дека ЗЕЛС секогаш, а така ќе биде и во иднина, ќе води отворен дијалог со синдикалните организации со цел надминување на проблемите согласно можностите на општините кои произлегуваат од нивните надлежности.

**ЗАКЛУЧОК**: Оваа точка на дневниот ред се одложува за следна седница.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. Иницијатива за утврдување на мерки за зголемување на наплатата на членарината на општините кон ЗЕЛС.

    Присутните беа запознати со прегледот на долговите на секоја општина поединечно кон ЗЕЛС по основ на членарина при што беше предложено дека општините добиваат услуги и сервиси од ЗЕЛС, а не учествуваат во неговото финансирање. Оттука беше предложено да се утврдат мерки кои би му биле предложени на Генералното Собрание на усвојување за да се зголеми наплатата на членарината. Една од мерките која беше предложена беше ограничувањето на општините да го користат информацискиот систем е-градежно земјиште при објави за отуѓување на градежно неизградено земјиште од кое, од своја страна, се очекуваат големи финансиски приходи за секоја општина. На овој начин граѓаните не би биле ограничени да ги искористат своите права и да поднесат барање до општината за постапки кои согласно Закон се јавуваат како баратели, туку со оваа мерка би била ограничена општината да не може сама да врши објава и да закаже јавно наддавање за продажба на градежно земјиште на своето подрачје се додека не ја плати членарината кон ЗЕЛС.

    **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја одложува дискусијата во однос на утврдување на мерки за зголемување на наплатата на членарината во ЗЕЛС за следна седница заради потреба од дополнителни консултации, а истовремено ја задолжува стручната служба да испрати опомени до општините кои имаат долг, со повик истиот да го платат особено пред истекот на буџетската година.

2. Одлука за пренесување на сопственоста на движни ствари во сопственост на ЗЕЛС на општина членка на ЗЕЛС.

Управниот одбор беше запознат дека ЗЕЛС поседува две возила марка опел кои се набавени во 2009 г. и кои веќе не се користат од страна на ЗЕЛС, кои поради својата застареност побаруваат повеќе финансиски средства за нивно одржување. Заради тоа, беше предложено истите да бидат пренесени во сопственост на општини кои имаат потреба од вакви возила врз основа на Одлука за располагање со стварите во сопственост на ЗЕЛС, а за што ќе биде склучен и договор за дар со соодветната општина согласно Закон.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја одложува дискусијата по оваа точка за следна седница.

**На ден 15 ноември, 2023 г. во Крива Паланка**

**Составил:**
Стручна служба на ЗЕЛС

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Орце Ѓорѓиевски**